# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 190-68/11 донесена на 168. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 1.3.2018 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *петагогија* во следниов состав:

- проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, редовен професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (претседател);
- проф. д-р Анета Бараковска, редовен професор на Филозофски факултет, Институт за педагогија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје (член);
- проф. д-р Борче Костов, вонреден професор на Филозофски факултет, Институт за педагогија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 14.2.2018 година.

Во предвидениот рок на Конкурсот се пријави еден кандидат - д-р Лидија Камчева-Панова, професор по одделенска настава во ООУ „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Лидија Камчева-Панова** е родена на 30 март 1977 година во Штип, каде што завршува основно и средно образование. Поради желбата кон педагошките науки и љубовта кон децата се запишува на Педагошки факултет во Штип, прва генерација во учебната 1995/1996 година и истиот го завршува на 30 јуни 1999 година со просечна оценка 9,13 и се стекнува со стручен назив - професор по одделенска настава.

Во 2002 година се вработува во Основото училиште „Гоце Делчев“ во Штип, како одделенски наставник, каде што работи и до ден-денес.

Во 2006 година се запишува на постдипломски студии на Филозофски факултет – Скопје, Институт за педагогија, насока Општа педагогија. По завршените и положени 6 испити, на 22 април 2009 година Наставно-научниот совет на Филозофски факултет – Скопје донесува одлука за одобрување тема и ментор за магистерски труд. За ментор е определена проф. д-р Марија Костова и тема со наслов „*Воспитната функција на одделенскиот раководител во современото основно училиште*“.

На 4 октомври 2011 година магистрира на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Институт за педагогија, со што се стекнува со научен степен магистер на педагошки науки.

Во декември 2011 година се запишува на докторски студии и во февруари 2015 година ја брани својата докторска дисертација со наслов „Современото воспитание и образование во функција на хуманизација на личноста на ученикот“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Институт за педагогија, со што се стекнува со научен степен доктор на педагошки науки.

За својата работа во училиштето и како наставник има добиено повеќе дипломи и признанија на ниво на училиште, меѓу кои:

- Во јули 2010 година се стекнува со Сертификат за акредитиран обучувач од Биро за развој на образованието на програмите „Поттикнување тимска работа и соработка меѓу наставниците“ и „Стратегии и техники на подучување и учење“;

- Во мај 2010 година се стекнува со Уверение за укажување на прва помош на работно место;
- Во март 2013, 2015 и 2016 година добива Благодарница од Сојуз на математичари за успешно реализиран натпревар по математика „Кенгур“.

Добива и голем број благодарници за учество на меѓуопштински и регионални натпревари, како ментор на ученици, кои добиваат и награди.

Во текот на својата работа, Лидија постојано стручно се усовршува. Издава трудови, во различни списанија и конгреси, како во државата така и во странство, коавтор на Прирачник по математика за наставници за 2 одделение, учествува во неколку проекти организирани од Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието и УСАИД и тоа:

- „Екстракурикуларни активности во училиштата со мешан етнички состав“, МОН, 2004-2006;
- „Образование за сите“, УНИЦЕФ/ МОН/ БРО/, 2004-2005;
- Модернизација на образованието – член на менаџерски тим при ОУ „Гоце Делчев“ – Штип, МОН,2005 - 2007;
- Координатор на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ – Градење капацитети, УСАИД / МЦГО, 2013 година.
- Координатор и тестатор на проектот „Со читање до лидерство“, УСАИД/МОН/БРО, 2015 година.

Присуствува на голем број обуки, семинари од нејзината област.

Во 2014 година, во Штип се формира Штипско научно здружение. На првата седница Лидија е избрана за потпретседател на Здружението.

Во организација на Штипското научно здружение во 2014 година во Штип се организира Првиот научен собир на тема „Улогата на штипско Ново Село во македонската историја“, каде што Лидија е член на работното претседателство.

Во октомври 2016 година се организира 5. Македонски конгрес во Битола, во организација на Македонската асоцијација за историја на Медицината (МАИМ) – Штип, каде Лидија настапува со свој труд, а воедно е и член на Уредувачкиот одбор на Зборникот на трудови од истоимениот Конгрес.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

Во 2015 година на Институт за педагогија на Филозофски факултет при УКИМ се стекнува со академско звање *доктор на педагошки науки*.

1. Во февруари 2015 година ја брани својата докторска дисертација со наслов „Современото воспитание и образование во функција на хуманизација на личноста на ученикот“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Институт за педагогија, со што се стекнува со научен степен доктор на педагошки науки.
2. Во својот прв циклус на студии има остварено просек 9.13, додека во вториот циклус на студии нејзиниот просек е 8.83.
3. Објавени трудови во меѓународни научни списанија.

**Објавени трудови во меѓународни публикации (зборници од меѓународни конференции)**

| Р. бр. | Автор на трудот | Наслов на трудот | Меѓународна публикација | Години на излегување на зборник |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Ташкова Е., Камчева Г., Камчева – Панова Л., | Dyslexia – study of case | Second international medical congress, SEEMF, Варна | 2011 (2 години) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2** | Ташкова Е., **Камчева – Панова Л.,** Камчева Г | Пречки во изговорот на гласови кај ученици од прво одделение | Knjiga sažetaka, p.p.199-200, 8th International Scientific Conference | 2012 (8 година) |
| **3** | **Камчева – Панова Л**., Ташкова Е., | Поврзаност на дислатерализацијата кај учениците од трето одделение со потешкотии во читањето | Зборник на трудови, Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи, p.p. 111 – 115, ISSN 978-608-242-021-9, Факултет за образовни науки, Штип | 2014 (2 години) |
| **4** | **Камчева – Панова Л.,** Митев З. | Соработката меѓу родителите и одделенскиот раководител во современото основно училиште | Зборник на трудови „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“, p.p. 83 - 88, ISBN 978-608-242-021-9 , Факултет за образовни науки, Штип | 2015 (3 години) |
| **5** | Јовева Ј., Ташкова Е., **Камчева – Панова Л**. | Ставовите и односот на одделенските и предметните наставници кон инклузијата на децата со ПОП при ООУ „Гоце Делчев“ – Штип | Зборник на трудови „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“, p.p. 107-115, ISBN 978-608-242-021-9, Факултет за образовни науки, Штип | 2015 (3 години) |
| **6** | Камчева Г., **Камчева – Панова Л**. | 29 години од апликацијата на првата ексангвинотрансфузија во Медицински центар Штип | Зборник на трудови на 5. Македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, p.p.92 – 97, ISBN - 10 9989 – 2122 – 2 -8, ISBN – 13 978 – 9989 – 2122 – 2 -2, EAN 9789989212222, Битола | 2016 (5 години) |
| **7** | Камчева Г., **Камчева – Панова Л**., Чакаларовски К | Вредноста на глукоза и гликозилиран хемоглобин при прием, кај пациенти со акутна коронарна артериска болест без докажана шеќерна болест | International od Medical Sciences – MEDICUS, p.p 291 – 298, ISSN 1409 – 6366 UDC 61 Vol.21 (3), Skopje | Vol.21 (3) ·2016 |
| **8** | Камчева Г., Арсова – Сарафиновска З., Рушковска Т., Здравковска М., **Камчева – Панова Л**., Стикова Е., | Cigarette Smoking and Oxidative Stress in Patients with Coronary Artery Disease | Open Access Macedonian Journal od Medical Sciences, p.p 1 – 5, eISSN 1857 – 9655, on – line access, as http:dx.doi.org/10.3889/oamjms.2016.117 | Vol 4, No 4 (2016) |

Кандидатката д-р Лидија Камчева-Панова својата научноистражувачка работа ја презентира на домашни и на странски конференции, трибини, релевантни за нејзините области за проучување. Објавува повеќе научни и стручни трудови во домашни и во меѓународни научни и стручни списанија и публикации.

***Евалуација на научните и стручните трудови***

Ташкова Е., Камчева Г., **Камчева – Панова Л.,** Dyslexia – study of case, Second international medical congress, SEEMF, Варна, 2011. Овој труд прикажува студија на случај, кажува дека дислексијата не е болест туку јазично нарушување со конституционална генеза, што се манифестира со проблеми во кодирање на соодветни зборови. Во оваа студија на случај се дадени резултати од третирањето на ученик со дислексија, земајќи ја предвид и неговата генеза.

Ташкова Е., **Камчева – Панова Л.,** Камчева Г., Пречки во изговорот на гласови кај ученици од прво одделение, Knjiga sažetaka, p.p.199-200, 8th International Scientific Conference, 2012. Целта на овој труд е да се утврди зачестеноста на пречките во изговорот на гласови кај учениците во прво одделение во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип. Задача во трудов е да се испитаат пречките во изговорот во однос на полот, етничката припадност и ученици со различни облици на дислалија. Од добиените резултати е заклучено дека во последните 5 години дислалијата почесто се јавува кај машките ученици во однос на девојчињата, во однос на етничката припадност, дислалијата е почеста кај учениците Македонци, а помалку кај учениците Роми. Од обликот на дислалија најчесто се јавува неправилна артикулација на фонемата „л“ (ламбдацизам) и проширена дислалија.

**Камчева-Панова Л**., Ташкова Е., Поврзаност на дислатерализацијата кај учениците од трето одделение со потешкотии во читањето, Зборник на трудови, Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи, p.p. 111 – 115, ISSN 978-608-242-021-9, Факултет за образовни науки, Штип, 2014. Целта на оваа студија е да се прикаже поврзаноста на дислатерализацијата кај учениците од трето одделение, со проблемите и потешкотиите во читањето. Добиените резултати, испитани 62 ученика од трето одделение во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, имаат значајни импликации и се покажа дека 22% од 55 ученици со дислатерализација имаат послаби резултати на тестот за читање.

**Камчева-Панова Л.,** Митев З., Соработката меѓу родителите и одделенскиот раководител во современото основно училиште, Зборник на трудови, Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија, p.p. 83 - 88, ISBN 978-608-242-021-9 , Факултет за образовни науки, Штип, 2015. Трудот има за цел да се појаснат и потенцираат проблемите при соработката на родителите и одделенскиот раководител. Овој проблем е континуирано присутен и бара постојано преиспитување на одделни форми на соработка и барање на адекватни и подобри решенија. Каква е состојбата во РМ? Овој труд нуди неколку предлог решенија, што претставува добра основа за понатамошно размислување.

Јовева Ј., Ташкова Е., **Камчева-Панова Л**., Ставовите и односот на одделенските и предметните наставници кон инклузијата на децата со ПОП при ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, Зборник на трудови Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија, p.p. 107-115, ISBN 978-608-242-021-9, Факултет за образовни науки, Штип, 2015. Инклузивната едукација го опишува процесот преку кој училиштата се обидуваат да ги распознаат сите ученици како индивидуи со реконструкција на курикуларната организација и прописи и дислоцирање на истражувањата во постигнување на подеднакви можности. Во овој труд направено е истражување во ООУ „Гоце Делчев“ - Штип на одделенските и предметните наставници (кои предаваат на деца со посебни потреби) со цел да се воочи ставот кој го имаат наставниците кон децата со посебни образовни потреби, како и воочувањето на резултатот од инклузијата на овие деца. Преку поставената хипотеза, одделенските и предметните наставници имаат позитивни ставови кон инклузивниот процес на учениците со ПОП во редовните основни училишта како и потребата од редовно образование, што претставува услов за успешно спроведување на инклузивниот процес во редовното основно училиште. Преку поставената хипотеза е дојдено и до следниот заклучок дека и предметните и одделенските наставници ги прифаќаат децата со ПОП, имаат позитивен однос кон овие деца, се трудат да работат со нив и ги прилагодуваат наставните материјали според нивните индивидуални способности и можности. Социјалната интеграција на децата со посебни потреби и нивните врсници кои немаат посебни потреби им дава можност на овие деца да учат, да играат и да живеат заедно и да се развијат во лица кои се разбираат и почитуваат едни со други.

Камчева Г., **Камчева – Панова Л**., „29 години од апликацијата на првата ексангвинотрансфузија во Медицински центар - Штип“, Зборник на трудови 5 Македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, p.p.92 – 97, ISBN - 10 9989 – 2122 – 2 -8, ISBN – 13 978 – 9989 – 2122 – 2 -2, EAN 9789989212222, Битола, 2016. Во овој труд е направен историски осврт од апликацијата на првата ексангвинотрансфузија во Медицински центар во Штип.

Камчева Г., **Камчева-Панова Л**., Чакаларовски К., Вредноста на глукоза и гликозилиран хемоглобин при прием, кај пациенти со акутна коронарна артериска болест без докажана шеќерна болест, International od Medical Sciences – MEDICUS, p.p 291 – 298, ISSN 1409 – 6366 UDC 61 Vol.21 (3), Skopje, 2016. Целта на овој труд е да се испита врската помеѓу вредноста на глукозата и лево-вентрикуларната функција на пациенти кај кои до тој момент не е дијагностицирана шеќерна болест. Резултатите покажаа дека не постои статистички значајна разлика на вредноста на глукозата кај пациентите кај кои не е дијагностицирана шеќерна болест.

Камчева Г., Арсова-Сарафиновска З., Рушковска Т., Здравковска М., **Камчева – Панова Л**., Стикова Е., Cigarette Smoking and Oxidative Stress in Patients with Coronary Artery Disease, Open Access Macedonian Journal od Medical Sciences, p.p 1 – 5, elSSN 1857 – 9655, on – line access, as http: dx. doi. org/ 10. 3889/oamjms.2016.117, 2016. Целта на овој труд да се утврди дали пушењето цигари, како фактор на ризик за CAD, влијае на (анти) оксидантскиот статус. Резултатите покажаа дека не постои статистички значајна разлика во концентрацијата на оксиданси кај пушачите наспрема непушачите.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката е вработена во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип со работен стаж од 15 години, како професор по одделенска настава.

За својата работа во училиштето и како наставник има добиено повеќе дипломи и признанија на ниво на училиште, меѓу кои:

- Во јули 2010 година се стекнува со Сертификат за акредитиран обучувач од Биро за развој на образованието на програмите „Поттикнување тимска работа и соработка меѓу наставниците“ и „Стратегии и техники на подучување и учење“.
- Во мај 2010 година се стекнува со Уверение за укажување на прва помош на работно место;
- Во март 2013, 2015 и 2016 година добива Благодарница од Сојуз на математичари за успешно реализиран натпревар по математика „Кенгур“.

Добива и голем број благодарници за учество на меѓуопштински и регионални натпревари, како ментор на ученици кои добиваат и награди.

Во текот на својата работа, Лидија постојано стручно се усовршува. Издава трудови, во различни списанија и конгреси, како во државата така и во странство, коавтор на Прирачник по математика за наставници за 2 одделение, учествува во неколку проекти организирани од Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието и УСАИД и тоа:

- „Екстракурикуларни активности во училиштата со мешан етнички состав“, МОН, 2004-2006;
- „Образование за сите“, УНИЦЕФ/ МОН/ БРО/, 2004-2005;
- Модернизација на образованието – член на менаџерски тим при ОУ „Гоце Делчев“ – Штип, МОН,2005 - 2007;
- Координатор на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ – Градење капацитети, УСАИД / МЦГО, 2013 година.
- Координатор и тестатор на проектот „Со читање до лидерство“, УСАИД/МОН/БРО, 2015 година.

Присуствува на голем број обуки, семинари од нејзината област.

Успешно соработува со Факултетот за образовни науки при УГД при едукација на студентите, нивната пракса, како ментор и како демонстратор на наставни часови.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Својот професионален ангажман го пројавува и како учесник во реализацијата на повеќе проектни активности, низ најразлични улоги, за што поседува и соодветни сертификати:

1. Семинар од програмата „Чекор по чекор“ на тема „Учење низ игра“, Институт отворено општество Македонија, Охрид, 1999;
2. Обука „Основи на демократијата“, БРО и Католичка служба за помош, Радовиш, 2003;
3. Семинар „Ефективно училиште“, УКИМ/УНИЦЕФ/МОН/БРО, Струга, ноември 2004;
4. Обука „Економското образование за 3 и 4 одделение“, Junior Achievement Macedonia, МОН, Скопје, 2004;
5. Семинар „Целно насочена настава (учење со разбирање)“, УКИМ/УНИЦЕФ/МОН/БРО/Институт за педагогија, Охрид, октомври 2005;
6. Обука за наставници за подигање на степенот на безбедност во училиштата, ЕХО/УНДП/Локална самоуправа, Штип, јуни 2006;
7. Обука на наставници за иновативно користење на информатичка и комуникациска технологија во наставата во ОУ II фаза, МОН/ USAID/EDC, септември - октомври 2006;
8. Обука на наставници за иновативно користење на информатичка и комуникациска технологија во наставата во ОУ I фаза, МОН/ USAID/EDC, мај 2006;
9. Обука „Комуникациски вештини и тимска работа“ - МОН – проект за модернизација на образованието и Здружение на педагози и психолози од Велес, Штип, 2006;
10. Обука „Образовна компензација за деца од ранливи групи“, МОН – проект за модернизација на образованието и Фондација „Чекор по чекор“, Штип, 2006;
11. Семинар – работилница за едукација на мотиватори во крводарителството, Црвен крст на РМ, Струга, 2006;
12. Basic IT - Базична обука на наставниците од основните училишта за работа со компјутер, МЦГО / USAID, април-мај; мај-јуни 2007;
13. Обука „Современи и креативни методи и техники на учење и осовременување на наставата, МОН – проект за модернизација на образованието и Алгоритам центар, Штип, 2007;
14. Learning Circles, Global Teenager Project, ИМОР – Битола, 2006 – 2007;
15. Обука на наставен кадар за превенција на туберкулоза во РМ, Асоцијација за здравствена едукација и истражување Х.Е.Р.А, Струга, 2008;
16. Користење на ЕДУБУНТУ во наставата, Primary Education Project, AED/USAID, август – септември 2010;
17. Настава за прва помош на работно место, Црвен крст на Република Македонија, Општинска организација Штип, Штип, 2010;
18. Обука за јазична писменост во почетните одделенија, БРО/МОН финансиски поддржана од УНИЦЕФ и МЦГО, Штип, 2011;
19. Едукативна работилница „Три мисли за клик пред линк – Безбедни ИКТ и Интернет за нашите деца“ – Здружение „Нов живот“ – Штип, поддржано од Влада на РМ, Генерален секретаријат, Штип, 2011;
20. Еднодневна работилница за заштита на личните податоци, Дирекција за заштита на личните податоци, Штип, 2013;
21. Работилница за презентација на „Упатството за реализирање на практичната настава на студентите од наставничките факултети“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, Штип, 2013;
22. Базична обука за тимови за училишна интеграција во рамки на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието, БРО/МЦГО/УСАИД, Скопје, 2013;
23. Обука за програмата „Математика со размислување во почетните одделенија“, БРО/МОН, Штип, 2014;

24. Обука – Проект на УСАИД „Со читање до лидерство“ – за давање на инструменти за процена на јазичната и математичката писменост кај учениците од почетните одделенија (ЕГРА и ЕГМА), УСАИД, Фондација „Чекор по чекор“, Охрид, 2015;
25. Напредна обука за меѓуетничка интеграција во образованието за повеќејазични училишта, БРО/МЦГО/УСАИД, Скопје, 2016.

**ПРОЕКТИ**

1. Модернизација на образованието – **член на менаџерски тим** при ОУ „Гоце Делчев“ – Штип, МОН, 2005 - 2007;
2. „Екстракурикуларни активности во училиштата со мешан етнички состав“, МОН, 2004-2006 – **учесник во училиштен тим**;
3. Проект: Образование за сите, УНИЦЕФ/МОН/БРО/, 2004-2005 - **учесник во училиштен тим**;
4. **Координатор на проектот** „Меѓуетничка интеграција во образованието“ – Градење капацитети, од 2013 година до денес;
5. „Оддржлив систем за континуирано основно и средно образование за принципите за заштита на личните податоци“, ИПА програма 2009, финансиран од страна на Европската Унија, Дирекција за заштита на личните податоци, 2013 година - **координатор**;
6. **Координатор/тестатор** на проектот „Со читање до лидерство“, УСАИД/ МОН/ БРО, 2015 година.
7. Фонд „Градиме мостови“, OSCE, MON,2015/2016 - **координатор на училиштен тим.**

Кандидатката е член на уредувачки одбор на Зборник на трудови на 5. македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, во организација на Македонската асоцијација за историја на медицината (МАИМ) – Штип

Потпретседател е на Штипско научно здружение.

**НАУЧНИ ТРУДОВИ**

1. **Камчева Л**., (1999), Правење на вообичаени и креативни наслови за содржина на приказната, Методика на воспитно-бразовна работа со надарени деца со практикум, м-р Владимир Михајловски, Битола;
2. **Камчева Л**., (1999), Истражувачка работа за идентификација на надарени ученици во ОУ „Ванчо Прке“ – Штип со резултати, Методика на воспитно-образовна работа со надарени деца со практикум, м-р Владимир Михајловски, Битола;
3. **Камчева Л**., (1999), Избор на погодни поговорки и гатанки за непосредна реализација на наставните часови по македонски јазик и природа и општество со учениците од I до IV одделение, Методика на воспитно-образовна работа со надарени деца со практикум“, м-р Владимир Михајловски, Битола;
4. **Камчева Л**., (2002), Правење на вообичаени и креативни наслови за содржина на приказната, Методски практикум за поттикнување на надареноста кај учениците во одделенска настава во РМ, р.р. 196, м-р Владимир Михајловски, Битола;
5. **Камчева Л**., Величковска В.,(2005) Проект – Граѓанско образование – програма – Основи на демократијата – први чекорења, Зборник 2002 – 2005, р.р. 177 – 178, Граѓанска асоцијација на учители во Штип, Штип;
6. **Камчева-Панова Лидија**, (2011) Гоце Делчев и неговото учителствување во Штип, Годишен зборник, р.р. 185-190.ISSN: 1857 – 7342, volume 2, УГД, Институт за историја и археологија, Штип;
7. Ташкова Е., Камчева Г., **Камчева-Панова Л**., (2011) Dyslexia – study of case, Second international medical congress, SEEMF, Варна, 2011;
8. Ташкова Е., **Камчева-Панова Л.,** Камчева Г. (2012) Пречки во изговорот на гласови кај ученици од прво одделение, Knjiga sažetaka, р.р.199-200, 8th International Scientific Conference, Zagreb;
9. **Камчева-Панова Л.** (2014), Ликот на легендарното Ново Село – Штипско, Прв научен собир, Зборник на трудови, р.р.253 – 258. ISBN 978-608-4662-24-2, Штипско научно здружение, Штип;

10. **Камчева-Панова Л**., Ташкова Е., (2014), Поврзаност на дислатерализацијата кај учениците од трето одделение со потешкотии во читањето, Зборник на трудови, Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи, p.p. 111 – 115, ISSN 978-608-242-021-9, Факултет за образовни науки, Штип;
11. **Камчева-Панова Л.,** Митев З. (2015), Соработката меѓу родителите и одделенскиот раководител во современото основно училиште, Зборник на трудови, Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија, p.p. 83 - 88, ISBN 978-608-242-021-9, Факултет за образовни науки, Штип;
12. Јовева Ј., Ташкова Е., **Камчева-Панова Л**., (2015), Ставовите и односот на одделенските и предметните наставници кон инклузијата на децата со ПОП при ООУ „Гоце Делчев" – Штип, Зборник на трудови Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија, p.p. 107-115, ISBN 978-608-242-021-9 , Факултет за образовни науки, Штип;
13. Ташкова Е., **Камчева-Панова Л.,** Газепов С. (2016), Предизвикот на учителот за работа со ученици со рефлекторни аномалии во прво одделение во ООУ „Гоце Делчев" – Штип, Зборник „Предизвиците и перспективите на учителската професија", p.p. 23 – 28, ISBN 978 – 608 – 244 – 365 – 2, Факултет за образовни науки, Штип; Штип;
14. Камчева Г., **Камчева-Панова Л**., (2016), 29 години од апликацијата на првата ексангвинотрансфузија во Медицински центар Штип, Зборник на трудови од 5. Македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, p.p.92 – 97, ISBN - 10 9989 – 2122 – 2 -8, ISBN – 13 978 – 9989 – 2122 – 2 -2, EAN 9789989212222, Битола;
15. Камчева Г., **Камчева-Панова Л**., Чакаларовски К, (2016), Вредноста на глукоза и гликозилиран хемоглобин при прием, кај пациенти со акутна коронарна артериска болест без докажана шеќерна болест, International od Medical Sciences – MEDICUS, p.p 291 – 298, ISSN 1409 – 6366 UDC 61 Vol.21 (3), Skopje;
16. Камчева Г., Арсова-Сарафиновска З., Рушковска Т., Здравковска М., **Камчева-Панова Л**., Стикова Е., (2016), Cigarette Smoking and Oxidative Stress in Patients with Coronary Artery Disease, Open Access Macedonian Journal od Medical Sciences, p.p 1 – 5, elSSN 1857 – 9655, on – line access, as http:dx.doi.org/10.3889/oamjms.2016.117
17. Ташкова Е., **Камчева-Панова Л**., (2016), Логопедски едукативен софтвер – предизвици и можности за учење и развој на говорот и јазикот, Зборник, Научностручна трибина „Учителот и средината за учење и развој", p.p. 76 – 80, ISBN 978-608-244-364-5, Факултет за образовни науки, Штип, Штип.

**СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА**

1. Д-р Татјана Атанасова-Пачемска, **Лидија Камчева-Панова** и др. (2009) Прирачник за наставници – насоки за примена на учебникот по математика за второ одделение од деветгодишно основно образование, p.p 32 – 41, 98 – 104, Просветно дело, Скопје;
2. Илиевска С., **Камчева-Панова Л.** и др. (2009), Конкретизација на наставната програма по математика за второ одделение од деветгодишно основно образование, Просветно дело, Скопје;
3. Камчева Г., **Камчева-Панова Л.**, (2016), Прва помош – прирачник за наставници во основното образование, ISBN 978-608-242-022-6, Штип;
4. **Камчева-Панова Л.,** Камчева Г. (2016), „Проф. Никола Камчев - Живот и дело" – монографија, p.p 9 – 58, ISBN 978-9989-2122-1-5, МАИМ, Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование на Р. Македонија („Службен весник на Р. Македонија, бр, 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 13/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 20/16, 120/16 и 127/16), Правилникот за критериуми и постапки за избор на наставно-

научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014) година) и распишаниот Конкурс, а врз основа на севкупната активност и постигнати резултати на кандидатката д-р Лидија Камчева-Панова, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Лидија Камчева-Панова ги исполнува критериумите за избор во звање насловен доцент.

Анализата на приложената документација покажува дека кандидатката д-р Лидија Камчева-Панова е креативен, одговорен наставник, заинтересирана не само за личниот професионален развој, но и за јакнење на капацитетите на институцијата во којашто работи. Ангажманот во наставата, континуираниот професионален развој, научноистражувачкиот опус, значајно придонесуваат во градење и промовирање на педагошката наука и образованието на наставници.

Врз основа на претходно наведеното, т.е. врз основа на остварените значајни резултати во полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ) стручно-апликативната и организациско-развојна дејност (САОР), Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за кандидатката д-р Лидија Камчева-Панова да се избере во звање насловен доцент за наставно-научната област педагогија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Анета Бараковска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Борче Костов, вонреден професор, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**
**д-р Лидија Камчева Панова**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | **ВКУПНО (НО)** | |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга | 1x10=10 | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Прв автор (трудови со р.бр.) x9=<br>Втор автор (трудови со р.бр. ) x6=<br>Останати автори (трудови со р.бр. ) x3= | 1x6=6<br>1x3=3 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Во странство (труд со р.бр.) x3=<br>Во земјава (труд со р.бр. ) x2= | 5x2=10 | 2x3=6 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>Во земјава (научен собир бр. x1=1 x1,5=<br>Во странство (научен собир бр.) x1,5= x2=12 | 1x1,5=1,5 | |
| | Одбранета докторска теза | 1x8=8 | |
| | Одбранета магистерска работа | 1x4=4 | |
| 24 | **ВКУПНО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **48.5** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Книга | | |
| 2. | Стручен прирачник | 2x3=6 | |
| 3. | Поглавје од книга | 4x4=16 | |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Труд со бр. | 1x2=2 | |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>Трудови со бр. | 2x2=4 | |
| | Уредник на зборник на трудови од стручен меѓународен собир | 1x1=1 | |
| | Стручни награди и признанија | 2x4=8 | |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир | 1x1=1 | |
| | **ВКУПНО СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **38** | |
| | **ВКУПНО** | **86,5** | |